**15.12.2011г.**

**Од: Неформалната мрежа на жени Ромки активистки и невладини организации од Република Македонија ( “Центар на Роми на град Скопје“, “Ромски Едукативен Центар Амбрела“, “Ромска Асоцијација за Жени и Млади - Лулуди“, “Женска Асоцијација за Развој - ЖАР“, “Ромско хуманитарно здружение на жени КХАМ“, “Ромска Организација за Мултикултурна Афирмација С.О.С“, ‘‘Организација за заштита на правата на жените и децата - ЛИЛ“, “Ромската Организација на Жени од Македонија - Даја”, “Ромски Ресурсен Центар“, “Невладина организациај Сумнал“, “Невладина организација Романо Суно“ и жени активистки.)**

**Предмет: Ј А В Е Н П О В И К З А У Ч Е С Т В О В О**

**Х У М А Н И Т А Р Н А А К Ц И Ј А**

Почитувани,

Како одговор на се почестите барања за директна хуманитарна помош од многу лица и податоците за зголемената сиромаштија на населението на РМ, неформалната мрежа на жени Ромки активистки и невладини организации на Р.Македонија иницираа подолгорочна хуманитарна акција.

Акцијата е наменета за сиромашни семејства, семејства кои се соочуваат со елементарни непогоди (опожарени куќи и поплавени куќи), лица без основни услови за живеење кои имаат реална потреба од дополнителна помош.

Акцијата има приоритетна цел да обезбеди **облека, чевли, храна за деца и возрасни**. Секако сѐ што дополнително може да се прибере како ќебиња, постелнини, опрема за бебиња (шишиња, корито, количка, играчки), делови од домаќинство (прибор за јадење, тенџериња, тави, тајнири) и друго што според Ваше мислење ќе биде од корист за некое сиромашно семејство.

Акцијата ќе се спроведе континуирано. Од 25ти до 30ти секој месец во текот на годината сите заинтересирани физички и правни лица можат своите донации да ги достават до контакт организациите наведени подолу.

Заради обезбедување на отчетност и транспарентност сите донации и нивната дистрибуција ќе бидат документирани и истите ќе бидат јавно презентирани на нашата веб страна и локалните медиуми. Членките на неформалната мрежа се одговорни за подготовка на месечните извештаи и нивно објавување.

Неформалната мрежа на жени Ромки активистки и невладини организации ги повикува сите хумани граѓани и институции да се приклучат на оваа акција и својата хуманост да ја покажат на дело

Секој допринос е добредојден и истиот можете да го доставите во следните градови и организации или да се јавите на наведените контакт лица во Скопје:

**Контакт лица**

**Сонѓул Шабан Ахмед –E-mail : songjulsaban@yahoo.com**

**Сузана Шабановска –E-mail : ssabanovska@yahoo.com**

**моб: 072 267 544**

**тел: 02 / 2638 800**

**тел- факс: 02/ 2618 575**

**СКОПЈЕ**

- **Ромски Едукативен Центар "Амбрела"** –ул: Волт Дизни бр. 9- Скопје –
- **Ромска Асоцијација за Жени и Млади "Лулуди"** –ул:Македонско Косовска Бригада бр: 61. Скопје
- **Организација за заштита на правата на жените и децата ''ЛИЛ"**- ул. Лука Геров бб. ,Скопје
- **Ромски Ресурсен Центар (РРЦ)** –ул. Виетнамска бр.9 ,Скопје

**ГОСТИВАР**

- **Женска Асоцијација за Развој "ЖАР"**– Гостивар ул :Никола Тесла бр: 4

**КУМАНОВО**

- **Ромско хуманитарно здружение на жени "КХАМ"** –ул: Доне Божинов бр.56 ,Куманово
- **Ромската Организација на Жени од Македонија "Даја"-** ул. Иво Лола Рибар бр. 46, Куманово

**ПРИЛЕП**

- **Ромска Организација за Мултикултурна Афирмација С.О.С** –ул: Дабничка бр: 31 Прилеп